**Општинско основно училиште „Илинден“ Крива Паланка**
ул. „Наско Тамбурков“ бр. 80, 1330 Крива Паланка
тел/факс: 031/375-078
www.oouilinden.edu.mk

Врз основа на член 75 и член 122 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ 161/2019) Наставничкиот совет на ООУ „Илинден “ Крива Паланка, на седницата одржана на ден 19.4.2023 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

За видовите на пофалби, награди и номинирање, избор и прогласување на првенец на генерација и пофалени ученици при ООУ ”Илинден“ Крива Паланка

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат видовите на пофалби и награди за учениците во училиштето, начинот на нивното доделување како и критериумите и начинот на номинирање и избор на ученик-првенец на генерацијата и пофалени ученици.

### Член 2

Со примената на одредбите на овој Правилник се постигнува поголема објективност при номинацијата на кандидати и изборот на ученик-првенец на генерацијата и пофалени ученици.

## II.ПОФАЛБИ И НАГРАДИ

### Член 3

Учениците кои се истакнуваат со своето знаење и поведение можат да бидат пофалени и наградени.

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивни особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите резултати со воспитно-образовната дејност.

### Член 4

Пофалбите и наградите можат да се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа или паралелка во текот или на крајот на наставната година.

### Член 5

Ученикот се пофалува и наградува за:

- Континуирано залагање и напредување во наставата;
- Залагање и постигнат успех во слободните ученички активности;
- Примерно поведение и позитивно однесување во училиштето и надвор од него;
- Залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина ( хуманитарни, културни др.).

**Член 6**

Пофалби и награди се доделуваат на:

- паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски;
- група или секција која постигнува особени резултати во определена активност во училиштето и надвор од него).

**Член 7**

Предлог за пофалби и награди дава раководителот на паралелката, предметниот наставник или стручен соработник. Одлука за награда или пофалба ја донесува Наставничкиот совет по предлог на Комисијата за пофалби и награди. Комисија за пофалби и награди формира директорот на училиштето и истата ја сочинуваат 5 члена:

- помошник директор
- координатори на стручни активи
- стручен соработник

**Член 8**

Пофалбите се доделуваат во вид на дипломи, пофалници и признанија. Наградите се даваат во вид на определени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книга, билети за филмска, театарска, спортска и друга културно -уметничка претстава, платен престој во некое детско одморалиште, платено учество за екскурзија, претплата на весници, списанија, ученички прибор, и сл.)

**Член 9**

Доделување на пофалбите и наградите се врши на свечен начин пред учениците од паралелката, односно училиштето.

**Член 10**

Денот на свеченоста, односно денот на доделувањето на наградите, го определува Наставничкиот совет.

Вообичаено доделувањето на пофалбите и наградите се врши на патрон празникот на училиштето, на крајот на полугодието или крајот на наставната година.

**Член 11**

За пофалбите и наградите се води писмена евиденција во училиштето.

# III.ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА

**Член 12**

Првенец на генерација се избира од редовните ученици од 9-то одделение кои го завршуваат основното образование.

**Член 13**

Изборот на ученик-првенец на генерација и пофалени ученици се изведеува по пат на рангирање. Прворангираниот ученик се прогласува за **првенец на генерација,** а останатите тројца се **пофалени ученици**.

**Член 14**

Изборот го врши Комисија за избор на ученик-првенец на генерацијата и пофалени ученици (во понатамошниот текст Комисија) составена од:

- претседател на комисијата: - помошник директорот;
- членови: - одделенските раководители на сите паралелки во деветто одделение;
- стручен соработник

**Член 15**

Комисијата за избор на ученик-првенец на генерацијата и пофалени ученици се формира од страна на директорот на училиштето најдоцна до крајот на месец април.

Постапката за номинирање и избор на првенец на генерација и пофалени ученици започнува да тече по објавувањето на интерниот конкурс од страна на Комисијата и се истакнува на огласната табла во училиштето. Конкурсот се истакнува на почеток на месец мај.

**А) Номинирање**

**Член 16**

Номинирање на кандидати за ученик на генерацијата и пофалени ученици се дава врз основа на следниве критериуми:

- Кандидатот да постигнувал одличен успех на крајот на секоја наставна година од IV до IX одделение;
- Кандидатот да бил оценет со примерно поведение на крајот секоја наставна година од IV до IX одделение;

- Да има учествувано на натпревари (училишни, општински, регионални, државни, меѓународни)
- Да имаат освоено награди, дипломи, признанија, благодарници.
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголем од 3 (за секоја учебна година поодделно);
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето.

**Член 17**

Номинираните кандидати за ученик на генерација и пофалени ученици мора да поседуваат доказ/документ за одредбите именувани во членот 16 од овој правилник.

Доказите/документите што учениците- кандидати за ученик на генерација и пофалени ученици треба да ги поседуваат се:

- Пријава до Комисијата;
- Копија од свидетелства од IV до IX одделение;
- Копија од дипломи, пофалници, и сл.

**Член 18**

Номинацијата на кандидати за ученик на генерација и пофалени ученици се врши во рамките на секоја паралелка од IX одделение.

Самиот чин, номинирање на ученик за кандидат за првенец на генерација и пофалени ученици може да произлезе од :

- одделенската заедница;
- одделенскиот раководител;
- предметен наставник, који изведува настава во таа паралелка;
- стручен соработник во училиштето;
- ученикот може сам да се кандидира;

**Член 19**

Кандидатите за ученик-првенец на генерација и пофалени ученици потребните документи треба да ги достават до Комисијата во предвидениот рок.

**Член 20**

Доколку не се задоволени одредбите утврдени со членот 16, 17, 18 и 19 од овој правилник, ученикот-кандидат не се зема во предвид при изборот.

## Б) Избор и прогласување

### Член 21

При изборот на ученик-првенец на генерацијата и пофалени ученици, Комисијата за секој од предложените кандидати користи инструмент за бодување врз основа на критериумите за избор на кандидати за првенец на генерација и пофалени ученици.

### Член 22

Рангирањето и изборот на кандидатите за ученик на генерација и пофалени ученици се спроведува според следниве критериуми на успешност:

1. Континуитет во учењето – се разгледува средниот успех на крајот на секоја наставна година од IV- IX одделение;

2. Редовност во наставата - се разгледува поведението за сите 6 учебни години од IV – IX одд;

3. Учество на натпревари

   3.1. Учество и награди од индивидуални/групни натпревари организирани од страна на <u>акредитирани здруженија</u> од МОН за предмети кои се изучуваат според наставниот план и програма;

   3.2. Учество и награди од индивидуални/групни натпревари организирани од страна на <u>неакредитирани здруженија</u> од МОН за предмети кои се изучуваат според наставниот план и програма;

4. Ученичко организирање - се разгледуваат активностите кои ученикот ги имал во ученичкото организирање и се доделуваат поени за секоја учебна година посебно;

5. Учество во воннаставни активности од ненатпреварувачки карактер за афирмација на училиштето како што се:

- Проектите МИО, ЕКО, Вело училишта, Безбедно училиште и сл. кои се реализираат тековно во училиштето;
- работилници од едукативен карактер кои се реализираат со одговорен наставник во склоп на предвидени воннаставни активности;
- настапи со хор, оркестар, драма за одбележување значајни датуми како патрон празник и сл;
- настани од хуманитарен карактер;
- литературни читања;
- доброволна вклученост во акции, работилници и сл

*Инструментот со критериумите за бодување на кандидатите за избор на ученик на генерацијата и пофалени ученици при ООУ ”Илинден” Крива Паланка*, е даден во прилог на овој Правилник

**Член 23**

Комисијата треба да го направи изборот на ученик на генерација и пофалени ученици најдоцна до 15 мај во тековната година.

Откако Комисијата ќе ја разгледа документацијата на секој кандидат, врши бодување на сите кандидати.

Врз основа на освоените поени Комисијата утврдува кандидатска ранг листа за избор на првенец на генерација со бодовна листа и истата ја доставува до Наставничкиот совет.

**Член 24**

Наставничкиот совет од доставената кандидатска ранг листа врши избор на првенец на генерација, односно кандидатот со најмногу поени го прогласува за првенец на генерацијата, а следните тројца рангирани се пофалени ученици во генерацијата IX одделение.

**Член 25**

Доколку се појават два или повеќе кандидати со ист број на поени, во тој случај училиштето може да издаде диплома за првенец на генерација најмногу на тројца ученици.

**Член 26**

Директорот на училиштето на денот на доделување на сведителствата за завршено основно образование ја доделува дипломата за првенец на генерација и пофалниците за пофалените ученици.

**Член 27**

Учениците коишто не се задоволни од изборот можат да поднесат приговор до Наставничкиот совет во рок од 3 дена од денот на одржување на Наставничкиот совет и изборот на првенец на генерацијата и пофалени ученици.

**Член 28**

Наставничкиот совет го разгледува приговорот и дава одговор по истиот во рок од 3 дена од неговото поднесување.

# III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на Наставничкиот совет на училиштето.

**Член 30**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.
Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот донесен од Наставничкиот совет на ООУ „Илинден“ Крива Паланка бр.01-102/1 од 12.02.2020 година.

19.4.2023 год.
Крива Паланка

Директор
Лорета Димитровска

# Критериуми за избор на ученик (првенец) на генерација во IX одделение при ООУ„Илинден“ Крива Паланка

Име и презиме на ученикот__________________________ Учебна ___________

## 1. Континуитет во учењето

Се разгледува успехот од IV – IX одд

- Доколку ученикот постигнал континуиран одличен успех 5,00 средниот успех се множи со 4
- Доколку ученикот постигнал одличен успех 4,50-4,99 средниот успех се множи со 2
- Максимален број постигнати поени по овој основ се 120

| 1. Континуитет во учењето | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Среден успех во текот на учебните години од IV – IX одд | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
| | | | | | | | | |
| | Среден успех помножен со соодветниот кофициент | | | | | | | |

## 2. Редовност и поведение

Се разгледува поведението за сите 6 учебни години од IV – IX одд

- доколку ученикот нема примерно поведение за сите 6 учебни години нема право на разгледување на документите;
- доколку е исполнет условот за поведението се разгледуваат изостаноците за секоја учебна година посебно:
- Ако ученикот има повеќе од 3 неоправдани изостаноци во текот на една учебна година ги губи поените за таа учебна година;
- Ако ученикот има повеќе од 40 оправдани изостаноци по учебна година во кои не се сметаат изостаноците кои е можно да ги има ученикот поради болест,операција и сл.за кое треба да потврди одделенскиот раководител врз основа на медицинска потврда ученикот учествува во изборот но не добива поени по овој основ.
- Во останатите случаи ученикот добива по 3 поени за секоја учебна година посебно
- Максимален број на поени по овој основ е 18

| 2. Редовност и поведение | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учебна година од IV – IX одд | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
| | | | | | | | | |

# 3. Натпревари

## 3.1 Учество и награди од натпревари организирани од страна на <u>акредитирани</u> здруженија од МОН за предмети кои се изучуваат според наставниот план и програма

| 3.1.1 Табела за индивидуални/поединечни натпревари | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вид на натпревар | Освоена пофалница | Освоена III награда | Освоена II награда | Освоена I награда | вкупно |
| Училишен натпревар | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| Општински натпревар | 4 | 5 | 6 | 7 | |
| Регионален натпревар | 6 | 8 | [illegible] | 12 | |
| Државен натпревар | [illegible] | 14 | [illegible] | 22 | |
| Меѓународен натпревар | 16 | 20 | 24 | 28 | |
| | | | | | |

| 3.1.2 Табела за групни/екипни натпревари | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вид на натпревар | Освоена пофалница | Освоена III награда | Освоена II награда | Освоена I награда | вкупно |
| Училишен натпревар | 1,5 | 2 | [illegible] | 3 | |
| Општински натпревар | 2 | 2,5 | 3 | 3,5 | |
| Регионален натпревар | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| Државен натпревар | 5 | 7 | 9 | 11 | |
| Меѓународен натпревар | 8 | 10 | 12 | 14 | |
| | | | | | |

Секоја приложена диплома / пофалница носи поени колку што се означен во квадратчето во соодветното поле.

### 3.2 Учество и награди од натпревари организирани од страна на <u>неакредитирани</u> здруженија од МОН за предмети кои се изучуваат според наставниот план и програма

| 3.2.1 Табела за индивидуални/поединечни натпревари | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вид на натпревар | Освоена пофалница | Освоена III награда | Освоена II награда | Освоена I награда | вкупно |
| Општински натпревар | 1 | 2 | 3 | 4 | |
| Регионален натпревар | 2 | 3 | 4 | 5 | |
| Државен натпревар | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| Меѓународенн атпревар | 4 | 5 | 6 | 7 | |
| | | | | | |

| 3.2.2 Табела за групни/екипни натпревари | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вид на натпревар | Освоена пофалница | Освоена III награда | Освоена II награда | Освоена I награда | вкупно |
| Општински натпревар | 0,5 | 1 | | 2 | |
| Регионален натпревар | 1 | 1,5 | 2 | 2,5 | |
| Државен натпревар | 1, | 2 | | 3 | |
| Меѓународенн атпревар | 2 | 2,5 | 3 | 3,5 | |
| | | | | | |

Секоја приложена диплома / пофалница носи поени колку што се означени во квадратчето во соодветното поле.

# 4. Ученичко организирање

Се разгледуваат активностите кои ученикот ги имал во ученичкото организирање и се доделуваат поени за секоја учебна година посебно.
Доколку ученикот активно учествувал во работата на било кое од наведените во табелата му се доделуваат поени само за една активност за таа учебна година
-за Ученички правобранител 2 поени
-за активно учество во работата на Ученичкиот парламент, Заедницата на паралелката, Организација на Црвен крст и Детската организација се доделуваат по 1 поен

| 4. Ученичко организирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| Ученички правобранител | | | | | | |
| Ученички парламент | | | | | | |
| Детска организација | | | | | | |
| Заедница на паралелката | | | | | | |
| Организација на Црвен крст | | | | | | |
| | | | | | | |

# 5. Воннаставни активности за афирмација на училиштето

| 5. Воннаставни активности | |
|---|---|
| Учество во воннаставни активности од ненатпреварувачки карактер како што се:<br><br>-Проектите МИО,ЕКО, Вело училишта,Безбедно училиште и сл. кои се реализираат тековно во училиштето;<br>-работилници од едукативен карактер кои се реализираат со одговорен наставник во склоп на предвидени воннаставни активности;<br>-настапи со хор, оркестар, драма за одбележување значајни датуми како патрон празник и сл;<br>-настани од хуманитарен карактер;<br>-литературни читања;<br>-доброволна вклученост во акции, работилници и сл. | -<br>-<br>-<br>-<br>-<br>-<br>-<br>-<br>-<br>-<br>-<br>- |
| Секоја активност се вреднува со 1 поен и можни се максимални 12 активности односно 12 поени | |

# 6. Сумарна табела за вкупен број поени

| Подрачја | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | | | | 4 | 5 |
| Континуитет во учењето | Поведение и редовност | Натпревари | | | | Ученичко организирање | Воннаставни активности |
| | | Табела 3.1.1 | Табела 3.1.2 | Табела 3.2.1 | Табела 3.2.2 | | |
| | | | | | | | |

Ученикот постигна вкупно ______ поени.

Претседател

____________________

Членови

1 ____________________
2 ____________________
3 ____________________
4 ____________________
5 ____________________
6 ____________________

____________________

Датум:____________